МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 150 став (4) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОЗНАКИ НА ПОТЕКЛО, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ГЕОГРАФСКИ ОЗНАКИ, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОЗНАКИ ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на ознаки на потекло, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на географски ознаки, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на ознаки за гарантиран традиционален специјалитет.

## Член 2

(1) Регистарот на ознаки на потекло е во форма на книга со тврда корица во црвена боја и со димензии 30 x 21см на евидентни листови на хартија во бела боја кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

(2) На предната страна на корицата на книгата од ставот (1) на овој член е втиснат грбот на Република Македонија, а под него со златни букви се впишани следните натписи:

„Република Македонија", а под него „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", додека на средината стои назив „Регистар на ознаки на потекло".

(3) Евидентните листови од став (1) на овој член ги содржат следните податоци:

1) Реден број;

2) Назив „Евидентен лист“;

3) Назив на ознака на потекло;

4) Деловоден број, датум и место на донесување на решението за регистрација на ознаката на потекло;

5) Заштитен назив на производот;

6) Име и презиме и ЕМБГ на носителот на групата на производители носител на заштитена ознака на потекло/назив и ЕМБС на групата на производители носител на заштитена ознака на потекло;

7) Адреса, телефон и e-mail на групата на производители носител на заштитена ознака на потекло и

8) Забелешки.

(4) Регистарот на ознаки на потекло се води електронски и во пишана форма.

(5) Формата и содржината на Регистарот на ознаки на потекло се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Регистарот на географски ознаки е во форма на книга со тврда корица во црвена боја и со димензии 30 x 21см на евидентни листови на хартија во бела боја кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

(2) На предната страна на корицата на книгата од ставот (1) на овој член е втиснат грбот на Република Македонија, а под него со златни букви се впишани следните натписи:

„Република Македонија“, а под него „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство“, додека на средината стои назив „Регистар на географски ознаки“.

(3) Евидентните листови од став (1) на овој член ги содржат следните податоци:

1) Реден број;

2) Назив „Евидентен лист“;

3) Назив на географска ознака;

4) Деловоден број, датум и место на донесување на решението за регистрација на географска ознака;

5) Заштитен назив на производот;

6) Име и презиме и ЕМБГ на носителот на групата на производители носител на заштитена географска ознака /назив и ЕМБС на групата на производители носител на заштитена географска ознака;

7) Адреса, телефон и e-mail на групата на производители носител на заштитена географска ознака и

8) Забелешки.

(4) Регистарот на географски ознаки се води електронски и во пишана форма.

(5) Формата и содржината на Регистарот на географски ознаки се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

(1) Регистарот на ознаки за гарантиран традиционален специјалитет е во форма на книга со тврда корица во црвена боја и со димензии 30 x 21см на евидентни листови на хартија во бела боја кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

(2) На предната страна на корицата на книгата од ставот (1) на овој член е втиснат грбот на Република Македонија, а под него со златни букви се впишани следните натписи:

„Република Македонија", а под него „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", додека на средината стои назив „ Регистар на ознаки за гарантиран традиционален специјалитет".

(3) Евидентните листови од став (1) на овој член ги содржат следните податоци:

1) Реден број;

2) Назив „Евидентен лист";

3) Назив на ознака за гарантиран традиционален специјалитет;

4) Деловоден број, датум и место на донесување на решението за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет;

5) Заштитен назив на производот;

6) Податок дали производот е регистриран со или без резервација на називот;

7) Име и презиме и ЕМБГ на носителот на групата на производители носител на заштитена ознака за гарантиран традиционален специјалитет/назив и ЕМБС на групата на производители носител на заштитена ознака за гарантиран традиционален специјалитет;

8) Адреса, телефон и e-mail на групата на производители носител на заштитена ознака за гарантиран традиционален специјалитет и

9) Забелешки.

(4) Регистарот на ознаки за гарантиран традиционален специјалитет се води електронски и во пишана форма.

(5) Формата и содржината на Регистарот на ознаки за гарантиран традиционален специјалитет се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-12428/2 Министер за земјоделство,

12 декември 2015 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# РЕГИСТАР НА ОЗНАКИ НА ПОТЕКЛО

Реден број____

Евидентен лист

Назив на ознака на потекло

| Деловоден број, датум и место на донесување на решението за регистрација на ознаката на потекло | Заштитен назив на производот | Име и презиме и ЕМБГ на носителот на групата на производители носител на заштитена ознака на потекло/назив и ЕМБС на групата на производители носител на заштитена ознака на потекло | Адреса, телефон и e-mail на групата на производители носител на заштитена ознака на потекло | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Прилог 2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАР НА ГЕОГРАФСКИ ОЗНАКИ

Реден број____

Евидентен лист

______________________________

Назив на географска ознака

| Деловоден број, датум и место на донесување на решението за регистрација на географска ознака | Заштитен назив на производот | Име и презиме и ЕМБГ на носителот на групата на производители носител на заштитена географска ознака /назив и ЕМБС на групата на производители носител на заштитена географска ознака | Адреса, телефон и e-mail на групата на производители носител на заштитена географска ознака | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Прилог 3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАР НА ОЗНАКИ ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ

Реден број____

Евидентен лист

---

Назив на ознака за гарантиран традиционален специјалитет

| Деловоден број, датум и место на донесување на решението за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет | Заштитен назив на производот | Податок дали производот е регистриран со или без резервација на називот | Име и презиме и ЕМБГ на носителот на групата на производители носител на заштитена ознака за гарантиран традиционален специјалитет/назив и ЕМБС на групата на производители носител на заштитена ознака за гарантиран традиционален специјалитет | Адреса, телефон и e-mail на групата на производители носител на заштитена ознака за гарантиран традиционален специјалитет | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |